# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА
# ПРАВИЛНИК ЗА ДОКАЗИТЕ ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ И НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ, НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ, НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК И НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК КАКО И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ И ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК - НЕОФИЦИЈАЛНА ВЕРЗИЈА[1],

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат доказите за исполнетост на условите за издавање на одобрение за вршење на работи за застапување во царинските постапки и доказите за исполнетоста на условите за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки, формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки, формата и содржината на барањето за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки, формата и содржината на барањето за издавање на легитимација на лиценциран застапник, формата и содржината на легитимацијата за лиценциран застапник и висината на надоместоците за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки и за издавање на легитимација на лиценциран застапник.

## Член 2

(1) Одобрението за вршење на работи за застапување во царинските постапки се издава врз основа на писмено барање, кое се поднесува од страна на трговско друштво или трговец поединец регистриран во Република Македонија (во натамошниот текст: подносител на барање).

(2) Барањето од став (1) на овој член се поднесува во А4 формат во бела боја.

(3) Барањето од став (1) на овој член содржи:

- Податоци за подносителот (назив, седиште, ЕДБ, адреса, поштенски број, телефон и е-маил);
- Податоци за лицата кои имаат лиценца за застапување во царински постапки (име и презиме, функција, ЕМБГ, број на лиценца, телефон и е-маил);
- Документи приложени кон Барањето;
- Изјава на подносителот на Барањето;
- Датум и
- Име, презиме и потпис на барателот.

(4) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Кон барањето од член 2 на овој правилник, подносителот на барањето ги доставува следните докази за исполнетост на условите за издавање на одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки:

- Решение и тековна состојба издадени од Централниот регистар на Република Македонија;
- Склучен договор за вработување на неопределено време или соодветен акт за работа со најмалку едно лице кое има лиценца за вршење на застапување во царинските постапки;

---

[1]Пречистениот текст на овој Правилник е изготвен врз основа на текстот на Правилникот објавен во Службен весник на РМ бр.207/2015 година и неговата измена објавена во Службен весник на РМ бр.66/2016 година.Пречистениот текст нема права сила. За правни цели во царинската постапка, единствено валидни се текстовите кои што се објавени во наведените Службени весници на Република Македонија.

- Овластување (полномошно) за потпишување на царински декларации за лицето кое има лиценца за вршење на застапување;
- Писмена изјава дека ќе го гарантира исполнувањето на обврските кои може да произлезат од вршењето на застапување во царинските постапки;
- Писмена изјава дека во рок од 30 дена од добивањето на одобрението за вршење на работи на застапување во царинските постапки со Царинската управа ќе склучи договор за пристапување до компјутерскиот систем за обработка на царински документи;
- Имотен лист издаден од Агенцијата за катастар за поседување на деловен простор или договор за закуп на деловен простор;
- Спецификација на опремата која се употребува за вршење на застапување во царинските постапки и опис и спецификација на системот за пристапување кон системот за обработка на царински декларации и други документи на Царинската управа;
- Информација од надлежен прекршочен орган дека во последните две години подносителот на барање и одговорното лице кај подносителот на барањето со една или повеќе правосилни одлуки на надлежен прекршочен орган, односно суд, не се огласени за виновни за сторен царински прекршок и дека не им е изречена глоба во вкупен износ кој надминува 20.000 евра во денарска противвредност;
- Потврда од надлежен суд дека во последните две години подносителот на барањето и одговорното лице кај подносителот на барањето не е огласено за виновно со правосилна одлука на надлежен суд за кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривично дело против службената должност, кривично дело против правниот сообраќај или кривично дело определено со Законот за акцизите;
- Потврда издадена од Управата за јавни приходи дека нема неподмирени обврски кон државата и
- Документ за извршена уплата на административна такса.

**Член 4**

(1) Лиценцата за вршење на застапување во царински постапки се издава врз основа на барање поднесено од страна на физичко лице (во натамошниот текст: подносител на барање).

(2) Барањето од став (1) на овој член се поднесува во А4 формат во бела боја.

(3) Барањето од став (1) на овој член содржи:

- Податоци за подносителот (име, име на еден од родителите, презиме, ЕМБГ, место и датум на раѓање, адреса на постојано место на живеење, поштенски број, телефон и е-маил);
- Податоци за положен испит (датум кога испитот е положен во целост, број на уверение за положен испит);
- Податоци за вработување на подносителот (вработен во трговско друштво, ЕДБ, место, адреса и поштенски број);
- Документи приложени кон Барањето;
- Изјава на подносителот на Барањето;
- Датум и
- Име, презиме и потпис на барателот.

(4) Формата и содржината на барањето од став (1) од овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Кон барањето од член 4 од овој правилник подносителот на барањето, ги доставува следните докази за исполнетост на условите за издавање на лиценца за вршење на застапување во царински постапки:

- Уверение за завршено најмалку средно образование од средно училиште, потврда од овластен царински застапник или имател на одобрение за поедноставени царински постапки кај кого се стекнал со работно искуство од најмалку две години на работни задачи од областа на царинското работење и уверение за положен стручен испит за лиценциран застапник;
- Доказ дека го исполнува условот од член 7 став 3 точка б) од Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки, односно дека поседува меѓународно признат

сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ФЦЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или Гете сертификат;

- Информација од надлежен прекршочен орган дека во последните две години со една или повеќе правосилни одлуки на надлежен прекршочен орган, односно суд, не е огласен за виновен за сторен царински прекршок и дека не му е изречена глоба во вкупен износ кој надминува 2.000 евра во денарска противвредност;
- Потврда од надлежен суд дека во последните две години не е огласен за виновен со правосилна одлука на надлежен суд за кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривично дело против службената должност, кривично дело против правниот сообраќај или кривично дело определено со Законот за акцизите;
- Доказ за платен надоместок за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки;
- Документ за извршена уплата на административна такса.

**Член 6**

За издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки се плаќа надоместок во висина од 1800 денари.

**Член 7**

(1) Легитимација на лиценциран застапник се издава врз основа на поднесено барање за издавање на легитимација за лиценциран застапник во А4 формат во бела боја.

(2) Барањето од став (1) на овој член содржи:

- Податоци за подносителот (име, име на еден од родителите, презиме, ЕМБГ, место и датум на раѓање, адреса на постојано место на живеење, е-маил, телефон и поштенски број);
- Податоци за издадена лиценца за вршење на застапување (број на лиценца за вршење на застапување и датум на издавање);
- Податоци за вработување (назив на овластен царински застапник и број и датум на одобрение за вршење на работи на застапување);
- Документи приложени кон Барањето;
- Изјава на подносителот на Барањето;
- Датум;
- Име, презиме и потпис на барателот и
- Податоци што ги пополнува Царинска управа при издавање на легитимација (број на легитимацијата,датум, име, презиме и потпис на лицето на кое му е издадена легитимацијата и овластено лице на Царинската управа).

(3) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 7-а**

Кон барањето од член 7 од овој правилник подносителот на барањето доставува:

- Примерок од договор за засновал работен однос или примерок од образец М1/М2;
- Две фотографии 2x3 см;
- Документ за извршена уплата на пропишаниот надоместок за издавање на легитимација на лиценциран застапник и
- Документ за извршена уплата на административна такса.

**Член 8**

(1) Легитимацијата за лиценциран застапник се изработува на пластифицирана картичка со големина од 85 x 55 мм, во окер боја, со заштитни кодови.

(2) Предната страна на легитимацијата содржи:

- текст: „Без јавно овластување - само за приватна употреба" преведен и на англиски јазик;
- текст: „ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК";
- назив на овластен царински застапник;

- име и презиме;
- место за фотографија и
- број на легитимацијата на лиценциран застапник, кој е идентичен со бројот на лиценцата наведена во член 4 на овој правилник и датум на нејзино издавање.

(3) Задната страна на легитимацијата содржи текст: „Имателот на оваа легитимација пред Царинската управа и нејзините организациони единици презема дејствија само во својство на лиценциран застапник и во рамки на овластувањата кои му се дадени од наведениот овластен царински застапник."

(4) Формата и содржината на легитимацијата за лиценциран застапник се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

За издавање на легитимација на лиценциран застапник се плаќа надоместок во висина од 300 денари.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20-694/6
28 март 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
**м-р Зоран Ставрески,** с.р.

*Прилог 1*

# БАРАЊЕ

## ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ

**1. Податоци за подносителот:**

Назив:

Седиште:

ЕДБ:

Адреса:

Телефон:

Е-маил:

**2. Податоци за лицата кои имаат лиценца за застапување во царински постапки**

Име и презиме:

Функција:

ЕМБГ:

Број на лиценца:

Телефон:

Е-маил:

**3. Документи приложени кон барањето**

- ☐ Решение и тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија
- ☐ Договор за вработување на неопределено време или соодветен акт за работа со најмалку едно лице кое има лиценца за вршење на застапување во царинските постапки
- ☐ Овластување (полномошно) за потпишување на царински декларации за лицето кое има лиценца за вршење на застапување
- ☐ Писмена изјава за гарантирање на испонувањето на обврските кои може да произлезат од вршењето на застапување во царинските постапки.
- ☐ Писмена изјава дека во рок од 30 дена од добивањето на одобрението за вршење на работи на застапување во царинските постапки со Царинската управа ќе склучи договор за пристапување до компјутерскиот систем за обработка на царински документи
- ☐ Имотен лист за поседување на деловен простор или договор за закуп на деловен простор
- ☐ Спецификација на опремата која се употребува за вршење на застапување во царинските постапки и опис и спецификација на системот за пристапување кон системот за обработка на царински декларации и други документи на Царинската управа
- ☐ Потврда од надлежен суд дека во последните две години подносителот на барањето и одговорното лице кај подносителот на барањето не се огласени за виновни со правосилна одлука на надлежен суд за кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривично дело против службената должност, кривично дело против правниот сообраќај или кривично дело определено со Законот за акцизите
- ☐ Потврда издадена од Управата за јавни приходи за намирени обврски кон државата
- ☐ Документ за извршена уплата на административна такса

Со пополнување и потпишување на ова барање под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

- Податоците наведени во него се вистинити и точни;
- Во целост сум запознаен, ги прифаќам и ќе постапувам според одредбите пропишани во член 5 од Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки;
- Дека најдоцна во рок од 8 дена писмено ќе ја известам Царинската управа за било која промена поврзана со податоците дадени во ова барање и во прилозите доставени кон него, а посебно секоја промена во врска со вработените лица кои имаат лиценца за вршење на застапување.

Датум: ____________ Име и презиме ____________

Потпис ____________________

*Прилог 2*

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ**

**1. Податоци за подносителот**

Име: | Име на еден од родителите

Презиме: | Место на раѓање:

ЕМБГ: | Датум на раѓање:

Адреса на постојано место на живеење:

Место: | Поштенски број:

Е-маил: | Телефон:

**2. Податоци за положен испит**

Датум кога испитот е положен во целост:

Број на уверение за положен испит:

**3. Податоци за вработување на подносителот:**

Вработен во трговско друштво:

ЕДБ: | Адреса:

Место: | Поштенски број:

**3. Документи приложени кон барањето**

- ☐ Уверение за завршено најмалку средно образование од средно училиште
- ☐ Потврда од овластен царински застапник или имател на одобрение за поедноставени царински постапки кај кого се стекнал со работно искуство од најмалку две години на работни задачи од областа на царинското работење
- ☐ Уверение за положен стручен испит за лиценциран застапник
- ☐ Доказ дека поседува меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ФЦЕ, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или Гете сертификат
- ☐ Потврда од надлежен суд дека во последните две години не е огласен за виновен со правосилна одлука на надлежен суд за кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривично дело против службената должност, кривично дело против правниот сообраќај или кривично дело определено со Законот за акцизите
- ☐ Доказ за платен надоместок за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки
- ☐ Документ за извршена уплата на административна такса

Со пополнување и потпишување на ова барање под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

- Податоците наведени во него се вистинити и точни;
- Во целост сум запознат, ги прифаќам и ќе постапувам според одредбите на член 7 од Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки;
- Дека најдоцна во рок од 8 дена писмено ќе ја известам Царинската управа за било која промена поврзана со податоците дадени во ова барање и во прилозите доставени кон него.

Датум: | Име и презиме

Потпис

______________________________

*Прилог 3*

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК**

## 1. Податоци за подносителот:

Име:
Име на еден од родителите
Презиме:
Место на раѓање:
ЕМБГ:
Датум на раѓање:
Адреса на постојано место на живеење:
Е-маил:
Телефон:
Поштенски број:

## 2. Податоци за издадена лиценца за вршење на застапување:

Број на лиценца за вршење на застапување:
Датум на издавање :

## 3. Податоци за вработување:

Назив на овластен царински застапник:
Број и датум на одобрение за вршење на работи на застапување:

## 4. Кон барањето се доставува:

1. Примерок од договор за заснован работен однос или примерок од образец М1/М2
2. Две фотографии 2х3 см
3. Документ за извршена уплата на пропишаниот надоместок за издавање на легитимација на лиценциран застапник
4. Документ за извршена уплата на административна такса

Со пополнување и потпишување на ова барање под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

- Податоците наведени во него се вистинити и точни;
- Најдоцна во рок од 8 дена писмено ќе ја известам Царинската управа за било која промена поврзана со податоците дадени во ова барање и во прилозите доставени кон него и ќе ја вратам издадената легитимација.

Датум:
Име и презиме
Потпис

**Се пополнува од Царинската управа при издавање на легитимацијата**

| | |
|---|---|
| Број на легитимација | |
| Датум | |
| Име, презиме и потпис на лицето на кое му е издадена легитимацијата | |
| Овластено лице на Царинската управа | |

*Прилог 4*

**Предна страна**

**БЕЗ ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ – САМО ЗА ПРИВАТНА УПОТРЕБА!**
**WITHOUT PUBLIC AUTHORISATION – FOR PRIVATE USE ONLY!**

**ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК**

________________________________________
(назив на овластен царински застапник)

________________________________________
(име и презиме)

место за фотографија

Број: ______________________________
Датум: ____________ Потпис: ________

Задна страна

**ИМАТЕЛОТ НА ОВАА ЛЕГИТИМАЦИЈА ПРЕД ЦАРИНСКАТА УПРАВА И НЕЈЗИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ ПРЕЗЕМА ДЕЈСТВИЈА САМО ВО СВОЈСТВО НА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК И ВО РАМКИ НА ОВЛАСТУВАЊАТА КОИ МУ СЕ ДАДЕНИ ОД НАВЕДЕНИОТ ОВЛАСТЕН ЦАРИНСКИ ЗАСТАПНИК**